ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА ТЕТОВО

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ТЕТОВО

6

# I. ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Потреба за изградба на мрежа за непосредна локална самоуправа преку рестартирање на месните заедници во урбаните и во руралните населени места на територијата на општината.
- Самоорганизирање и актуелизирање на секојдневни проблеми.
- Вклучување на граѓаните во процесот на одлучување преку воведување на отворени денови на Градоначалникот и Советот и организирање на редовни јавни консултации/трибини/анкети.
- Изработка на дигитален портал (Е-ГРАД)

## 2. Департизација на општинската администрација

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации
- Бирање на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Целосно почитување на работничките права и можност за транспарентно непартиско професионално кариерно напредување.
- Вклученост и делување на синдикалните организации

## 3. Еднаква родова и национална застапеност

- Непристрасно и еднакво родово вработување во рамки на јавните установи.
- Почитување на сите етнички заедници при вработување без притисоци за менување на етничката припадност.
- Активно, усно и писмено, високо познавање на државниот јазик (македонски) и негова употреба во сите локални институции.



# II. СООБРАЌАЈ И ИНФРАСТРУКТУРА



- Намалување на цената на паркинг – услугите.
- Задолжителни подземни паркинзи за новоизградените стамбени единици.
- Задолжително обезбедување на паркинг простор пред угостителските објекти и новоотворените маркети од страна на стопанствениците/инвеститорите.
- Забрана за паркирање на улица и тротоар и решавање на проблемот со паркинг во сопствениот двор или на некој од градските паркинзи.
- Изградба на паркинг простори на повеќе нивоа - монтажни објекти.
- Поставување на безбедносни камери на фрекфентните булевари.
- Задолжителна апликација на радари низ централното градско подрачје и излезот на градот.
- Асфалтирање и реконструкција на градските улици во периферниот дел на градот.
- Поставување и одржување на видлива и прегледна сообраќајна сигнализација.
- Поставување на лежечки полицајци со цел адаптирање на брзината на возилата.
- Поставување на семафори со соларни панели за заштеда на енергија.
- Поставување на ракофати и огради на стрмите улици во повисоките градски населби.
- Изградба на помали кружни текови, како и уредување и континуирано одржување на постоечките.
- Иновативни решенија за сигнализација на пешачките премини
- Целосно достапен јавен превоз за сите населби во градот со почеста градска линија, воведување на е-апликација достапна и на македонски јазик.

# III.ПЛАНСКО УРБАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА

- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови.
- Изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, старски домови и сл.).
- Ревизија на сите спорни ДУП-ови и ГУП-ови кои се издадени под влијание на корупциски афери.
- Забрана за продажба на државно/општинско земјиште.
- Планирање и хуманизација на просторот.
- Рамономерен инфраструктурен развој, наместо задоволување на апетитите за профит на приватните инвеститори, со цел да нема избегнување на инвестиции во посиромашните средини од општината.
- Изградба на модерни и еколошки одржливи станбени комплекси по транспаретни критериуми, со право на рамноправно учество на сите заинтересирани инвеститори.
- Задолжително зазеленување на просторот околу зградите со високостеблести садници од страна на инвеститорот.
- Казни за несовесните граѓани кои ја уништуваат урбаната опрема на јавните површини.



# IV.ЈАВНИ УСЛУГИ

- Изградба на резервен базен за прибирање на водите од Шар Планина и складирање во нов капицет за тетовското подрачје.
- Перманентно одржување на водоснабдителните мрежи наменети за земјоделско полевање.
- Промена на сите азбестни цевки од градскиот водовод.
- Надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во потоците и реките.
- Редовно чистење на каналите и речните корита од нанесениот цврст отпад.
- Изградба на сеопфатна атмосферска канализација за собирање на дождовницата од тетовските ридови.
- Изградба на градски јавни тоалети.
- Современо транспортирање на комуналниот отпад во соодветни возила.
- Одржување на беспрекорно ниво на јавна хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ



- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање.
- Вклучување на неформалните собирачи на отпад во системот на комунално депонирање.
- Редовни организирани акции за чистење на излетничките места.
- Чистење на дивите депонии.
- Граѓански едукативни Еко-патроли составени од млади волонтери (еколози, зелени активисти, извидници и сл.).
- Планско пошумување на тетовските околни ридови.
- Рамномерно оплеменување на запуштените јавни зелени површини во секој дел од градот.
- Редовно наводнување на урбаното зеленило

# VI. ЈАВНИ И ЛОКАЛНИ ДЕЈНОСТИ

- Изградба на нови и реновирање на дотраените училишта во Тетово и околните села (кровови, училници, ходници, врати, прозори, санитарни јазли во училишните згради).
- Бесплатна храна за сите ученици во основните училишта.
- Купување соодветен општински возен парк заради обезбедување бесплатен превоз на ученици (училишни автобуси, комбиња и сл.), со цел истиот во иднина да не го вршат приватни компании.
- Забрана за издавање на училишните кујни под концесија.
- Забрана за приватно обезбедување и чување на јавните објекти.
- Финансиска помош од општинскиот буџет во делот на исполнување на училишните програми.
- Стопирање на сите сомнителни проекти за работа со деца изведувани од страна на здруженија на граѓани во училиштата.
- Стипендирање на најдобрите ученици и студенти со вклучување и на наменски донации од локалните бизниси.
- Отворање на АКСЦ – Автономни културно-социјални центри, преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор, кафе-книжарници, сувенирници и простор за уметници, сликари, вајари, ракотворци, изработувачи на накит и други креативци.
- Отстапување на фасадите на јавните згради за изработка на мурали.
- Отстапување на јавни површини за оплеменување со графити и уметнички цртежи.
- Организирање културни настани во старото градско јадро на Тетово како и оживување на културните активности.
- Поддршка на фолклорот и старите занаети.
- Поддршка на традиционалните културни манифестации.
- Изградба на повеќе детски игралишта опремени со различни елементи за забава за најмладите.
- Хортикултурно уредување на запуштените дворови на колективните стамбените згради, со цел тие да станат пријатни зелени катчиња за станарите и нивните семејства.
- Развој на стази за спортски и планински велосипедизам на Попова Шапка.
- Интензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам (планински, манастирски, рурален/селски).
- Повластици за отворање на младински хостел во Тетово, првенствено наменет за странски туристи.
- Развој на услови за кампинг и клајмбинг туризам на Попова Шапка.
- Отворање на Туристичко биро задолжено за стратешко планирање на туризмот.



# VII МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

- Промовирање на проектни активности со едукативни содржини насочени кон меѓуетничката интеграција, урбано и културно живеење со почитување на различностите.
- Воведување и реализација на меѓуетнички културни настани со интегративен наратив (симпиозиуми, уметнички колонии, литературно средби, фолклор, наука и сл.).
- Работилници наменети за заедничкото живеење.

# VIII. ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ



- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучување на договори за јавни набавки, промена на генералните и деталните урбанистички планови.
- Комплетно доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Перманентни обуки за надградување на вештините и знаењата на локалните инспектори во сите сектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и ресторантите.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови со поголема сообраќајна контрола.
- Забрана за прекумерната бучава од верски објекти, преку ограничување на гласноста која доаѓа од нив.
- Воведување општинска Шинтерска служба која би интервенирала на терен.
- Доследно спроведување на програмата „Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати".
- Изградба на паркови за кучиња опремени со сите потребни реквизити.
- Изградба на стационар за бездомни животни.

# IX. СОЛИДАРНОСТ

- Целосна и бесплатна заштита на жртвите на семејно насилство, преку воведување на јавни сос-броеви и лесно достапни интернет страници на локално ниво.
- Обезбедување на места за домување на жртвите на семејно насилство, нивна едукација преку бесплатна здравствена и психолошка помош, можност за вратботување. Доделување и изградба на социјални станови за семејствата.
- Заштита на самохраните мајки преку нивно постојано вработување, активна вклученост во едукативни, занаетчиски работилници, додатоци и локална помош преку субвенционирање до максимално намалување на режиските трошоци.
- Вработување на поголем број високообразуван стручен кадар во градинките.
- Социјална грижа за децата без родители, децата со посебни потреби, децата од дисфункционални семејства, децата со психолошки и воспитно-социјални проблеми.
- Поддршка за основање и одржување на пензионерски клубови.
- Служба 24/7 за помош и нега на стари и изнемоштени лица кои живеат сами или немаат кој да се грижи за нив, со волонтерски акции на мобилни екипи кои што ќе ги посетуваат на дневна основа и ќе ги снабдуваат со намирници и лекови во координација со општината и хуманитарните организации.
- Рестартирање на старите и отворање на нови домови за стари лица каде ќе бидат сместувани стари лица со ниски примања.
- Воведување програма за заштита од „енергетска сиромаштија“ (субвенционирање на долговите за вода и комуналии на сиромашните семејства).
- Континуирани обуки за преквалификација и докфалификација на невработените лица.
- Пронаоѓање на трајни решенија за згрижување на бездомниците.
- Организирање на народни кујни во соработка со локалното население и локалните бизниси.
- Бесплатни тренизни во различни спортски дисциплини, како и часови по танцување, музика и цртање за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.
- Ослободување од фирмарина и даночни олеснувања на угостителски објекти кои што ќе имплементираат програма за овозможување на оброк за бездомни лице или лица со социјален ризик.
- Поставување на WIFI клупи (клупи со бесплатен интернет и можност за полнење на мобилни телефони) во парковите.
- Еднократно отпишување на застарени долгови за вода за социјално загрозени семејства.
- Обезбедување на училишни пакети (ранци, тетратки, училишен прибор) за учениците од социјално загрозени семејства.
- Отворање на пунктови за собирање и дистрибуирање на донации за граѓаните во социјален ризик, како и можност да се донира и да се организира размена преку порталот е-ГРАД.

ЛЕВИЦА

ЗА ТЕТОВО

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ТЕТОВО

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija